20101713751

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), на седницата одржана на 9.12.2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ПАКЕТИ НА УСЛУГИ ВО ПРЕВЕНТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ИТНАТА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ СО ДОМАШНО ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување во превентивната здравствена заштита и итната медицинска помош со домашно лекување, кои како здравствени услуги се опфатени со задолжителното здравствено осигурување и паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Се утврдуваат следните референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување во превентивната здравствена заштита и итната медицинска помош со домашно лекување:

Шифра	Назив на пакетот на здравствени услуги	Референ- тна цена
1	2	3
ИМП1	Итна помош	132.500
ПРЕ1	Домашно лекување	105.000
ПРЕ2	Дежурна служба	74.000
ПРЕ3	Систематски преглед, вакцинации и советувалиште	66.000
ПРЕ4	Превентивна стоматологија	80.000
ПРЕ5	Итна стоматологија	74.000
ПРЕ6	Патронажа по сестра	30.000
ПРЕ7	Преглед и стручно мислење за здравствена состојба на осигуреникот од страна на лекарска комисија	638.000

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1.01.2011 година.

Бр. 02-18306/6
9 декември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ирфан Хоџа, с.р.